РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Бр.-Nr. 18 - 1092/19
27. 12. 2021 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Извештај**
**за извршен надзор на законитоста на**
**работата од областа на животната средина на**
**општина Штип**

Комисијата за вршење надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје формирана со Решение бр. 18-1092/2 од 16.02.2021 година, а врз основа и согласно Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје донесен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со бр. 18-1092/1 од 16.02.2021 година, на ден 14.09.2021 година изврши надзор на законитоста на работата во општина Штип.

Надзорот е извршен врз основа на претходна најава до општината Штип од страна на министерството и тоа за следните области од законите за животна средина:

1. Постапка за одобрување на елаборати за животна средина
2. Постапка за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола
3. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на управување со отпадот.
4. Надзор на надлежностите на органите на општината, од областа на заштита на водите.
5. Надзор на надлежностите на органите на општината од областа на заштита од бучава во животната средина

Претставници од општина Штип присутни при вршењето на надзорот беа: Софче Трајковска, Влатко Панов, и Тоше Георгиев, подоцна на состанокот беше присутна и Соња Китанова-Генерален секретар на општината.

*Во однос на првата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје која се однесува на спроведување на постапката за одобрување на елаборати за животната средина комисијата утврди дека:* во општина Штип се увиде дека се спроведува постапката за одобрување на елаборати за заштита на животната средина, но при прегледот на елаборатите беа воочени некои пропусти, правната поука на која се повикуваа во одобрените елаборати не соодветствува со последните измени во Законот за животна средина. Се увиде дека се води регистер на издадени елаборати но во регистерот на одобрени елаборати не беа опфатени сите издадени елаборати. Потребно е да постапат по дадените насоки и да ги отклонат недостатоците.

*По однос на втората точка која се однесува на спроведување на постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи од страна на комисијата е утврдено дека* согласно активностите кои произлегуват од Законот за животна средина општината ја спроведува постапката за издавање на Б интегрирани еколошки дозволи како и нивно обновување, но притоа се контатирани повеќе недостатоци. Согласно член 126 став 5 од Законот за животна средина надлежниот орган (општината ) е должна да води регистар на издадени Б-ИЕД за своето подрачје, како и да достави копија до органот на државната управа (Министерството). МЖСПП води и одржува

Регистар на издадени Б-ИЕД. Согласно податоците во МЖСПП општина Штип нема доставено копија од издадена Б-ИЕД од 04.03.2016 година до денес, а од фактичката состојба се увиде дека во општината се издавале Б-ИЕД но не било постапувано согласно обврската. Се задолжи општината во најкус можен рок да достави копии од издадени дозволи како истите би биле ставени во регистарот на издадени Б-ИЕД. Исто така беше констатирано дека не е запазен рокот за издавање на дозволите, и се доцни со постапката на премин на Б-интегрираните дозволи со оперативен план иако законскиот рок за реализација на оперативните планови одамна е поминат. Исто така беше констатирано дека не се постапува согласно член 129 од Законот за Животна средина, односно не се изработуваат решенија за надоместоци кои се должни да ги плаќаат операторите на инсталациите. Беше прашано дали се соочуваат со проблеми при издавањето на дозволите, при што им беше и објаснета комплетната постапка на издавање на дозволите и потребата од издавање на истите. Од страна на општината до 04.03.2016 година беа доставени 6 издадени Б-Дозволи а беше посочено дека имаат уште 8 Б-Дозволи кои дополнително ќе бидат доставени. Потребно е под итно да се отклонат недостатоците кои се спротивни на законот.

*По однос на обврските согласно Законот за животна средина :*

-Нема донесено нов ЛЕАП

-Нема доставено извештај до МЖСПП за спроведување на ЛЕАП.

-Нема назначено тело за следење на имплементацијата на ЛЕАПОТ.

-Општината ја нема исполнето обврската согласно член 154 од ЗЖС, нема донесено надворешен план за вонредни состојби.

-Општината има донесено План за спроведување на инспекциски надзор за 2021 година кој не се спроведува и за истиот не доставува извештаи.

-Општината има назначено лице за овластен инспектор за животна средина – кое е во постапка на менторство .

-Нема воспоставено катастер согласно член 42 и не доставува податоци до МЖСПП.

-Општината нема воспоставено регистер на загадувачи и не доставува податоци за одржување на Регистарот на загадувачки материи и супстанции и на нивни карактеристики до МЖСПП.

-Општината се изјасни дека ја известува јавноста за состојбата во животната средина само при настанување на хаварии

*Согласно третата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за управување со отпадот*

- Има заеднички регионален план за управување со отпадот со други општини како дел од Источниот и Североисточниот плански регион.

- Општината нема донесено План и Програма за управување со отпадот, односно последната им е 2009-2014година.

-На територијата на општината има основано јавно претпријатие за комунално производни и услужни работи ЈП Исар, кој прави селектирање на отпад балирање на хартија и пет амбалажа.

-Општината има определено локација на која треба да се постават претоварни станици согласно член 37 од ЗУО (м.в. Трештена скала).

-Не доставува консолидиран извештај со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности на собирање, транспортирање складирање, третман, преработка, отстранување и промет на отпадот согласно член 39 од ЗОУ.

-Се прави селекција на отпадот, контејнери за батерии и електричен отпад се поставени.

-Во општината немало воспоставено и пропишано посебни правила за постапување со комуналниот и со другите видови на неопасен отпад на својата територија согласно член 43 од ЗОУ.

- Во општината имало определено место за третман и отстранување на инертен отпад, се користи нестандардизирана депонија м.в Крст стара депонија , за која ЈП е задолжено за одржување.

- Општината се изјасни дека нема организирано информативен систем на локално ниво, со кој се обезбедува собирање и презентирање на податоци за општата состојба во врска со управувањето со неопасниот отпад согласно член 113 од ЗУО.

- општината се изјасни дека не води Катастар за својата територија, во кој ќе се евидентираат создавачите на неопасен отпад согласно член 116 од ЗУО

- Во општината нема регистрирано правно лице кое поседува Дозвола за самостојно постапување со отпад од пакување, и не е исполнета обврската на Градоначалник која произлегува од членот 26 од закон за управување со пакување и отпад од пакување.

Општината има слкучено договор со Елколект за управување со батерии и акомулатори и со истата фирма договор за управување со електрична и електронска опрема

Општината до сега нема спроведено инспекциски надзор во областа на животната средина бидејки сеуште нема овластен инспектор.

-Овозможува остварување на правото на пристап до јавни информации преку веб страната на општината и јавно учество во донесувањето одлуки во областа на отпадот исто преку веб страната.

Во однос на систематизација на работни места на општината во делот на животната средина, во текот на надзорот беше образложено дека општината има одделение за урбанизам и уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната во кое има еден вработен -соработник за заштита на животната средина.

*Согласно четвртата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Штип, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за водите:*

-Општината има прибавено водно право дозвола за користење на вода согласно член 26 и 28, но нема прибавено Дозвола за испуштање отпадни води или за испуштање или фрлање материи и супстанции во реципиентите согласно член 79 од ЗВ.

- Исто така е укажано дека во постапката при издавање на Б интегрираните еколошки дозволи потребно е да се утврди дали согласно Законот за води инсталацијата ги исполнува обврските согласно член 116 и да обезбеди ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман. Доколку испуштањето

Регистар на издадени Б-ИЕД. Согласно податоците во МЖСПП општина Штип нема доставено копија од издадена Б-ИЕД од 04.03.2016 година до денес, а од фактичката состојба се увиде дека во општината се издавале Б-ИЕД но не било постапувано согласно обврската. Се задолжи општината во најкус можен рок да достави копии од издадени дозволи како истите би биле ставени во регистарот на издадени Б-ИЕД. Исто така беше констатирано дека не е запазен рокот за издавање на дозволите, и се доцни со постапката на премин на Б-интегрираните дозволи со оперативен план иако законскиот рок за реализација на оперативните планови одамна е поминат. Исто така беше констатирано дека не се постапува согласно член 129 од Законот за Животна средина, односно не се изработуваат решенија за надоместоци кои се должни да ги плаќаат операторите на инсталациите. Беше прашано дали се соочуваат со проблеми при издавањето на дозволите, при што им беше и објаснета комплетната постапка на издавање на дозволите и потребата од издавање на истите. Од страна на општината до 04.03.2016 година беа доставени 6 издадени Б-Дозволи а беше посочено дека имаат уште 8 Б-Дозволи кои дополнително ќе бидат доставени. Потребно е под итно да се отклонат недостатоците кои се спротивни на законот.

*По однос на обврските согласно Законот за животна средина :*

-Нема донесено нов ЛЕАП

-Нема доставено извештај до МЖСПП за спроведување на ЛЕАП.

-Нема назначено тело за следење на имплементацијата на ЛЕАПОТ.

-Општината ја нема исполнето обврската согласно член 154 од ЗЖС, нема донесено надворешен план за вонредни состојби.

-Општината има донесено План за спроведување на инспекциски надзор за 2021 година кој не се спроведува и за истиот не доставува извештаи.

-Општината има назначено лице за овластен инспектор за животна средина – кое е во постапка на менторство .

-Нема воспоставено катастер согласно член 42 и не доставува податоци до МЖСПП.

-Општината нема воспоставено регистер на загадувачи и не доставува податоци за одржување на Регистарот на загадувачки материи и супстанции и на нивни карактеристики до МЖСПП.

-Општината се изјасни дека ја известува јавноста за состојбата во животната средина само при настанување на хаварии

*Согласно третата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината, на градот Скопје и општините во градот Скопје од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од Законот за управување со отпадот*

- Има заеднички регионален план за управување со отпадот со други општини како дел од Источниот и Североисточниот плански регион.

- Општината нема донесено План и Програма за управување со отпадот, односно последната им е 2009-2014година.

-На територијата на општината има основано јавно претпријатие за комунално производни и услужни работи ЈП Исар, кој прави селектирање на отпад балирање на хартија и пет амбалажа.

-Општината има определено локација на која треба да се постават претоварни станици согласно член 37 од ЗУО (м.в. Трештена скала).

на отпадните води е во реципиент потребно е да се задолжи операторот да прибави дозвола за испуштање од Министерство за животна средина и просторно планирање. Доколку се користи вода од подземно или површинско водно тело за потребите на инсталацијата, операторот потребно е да се задолжи да прибави Дозвола за користење од Министерство за животна средина и просторно планирање.

-Општината има донесено одлука за потребата за определување на заштитни зони за водни тела (бунари) кои се користат за консумирање од страна на човекот бр. 08-4401/1 од 30 август 2019 година и од страна на ЈП Исар Штип има поднесено барање за определување на заштитни зони со елаборат до Министерство за животна средина и просторно планирање.

-Во општината се врши одведување и собирање на отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувајки го и отстранувањето на тињата, но не се врши пречистување согласно член 113 од ЗВ, и нема донесено предлог Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води согласно член 114 од ЗВ.

-Општината нема донесено Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ.

- Општината нема донесено Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави согласно член 126 ЗВ.

-Советот на општината на територијата под нејзина надлежност нема определено границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија, нема утврдено мерки и работи за заштита на земјиштето од ерозија и нема уредување на пороите, врз основа на техничка документација согласно член 135 од ЗВ како и согласно член 141 од ЗВ не превзема мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје.

- Општината секоја година до крајот на септември не врши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата.

- Општината нема донесено Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и и не доставува податоци до министерството од мониторинг од локалната мрежа

- Општината нема реализирано инспекциски надзор во областа на водите (согласно член 229)

*<u>Согласно петата точка од Планот за вршење на надзор на законитоста на работата на органите на општината Штип, од страна на комисијата е утврдено дека согласно прописите кои произлегуваат од областа на заштита од бучава во животната средина :</u>*

-Немаат одговорено дали општината при издавање на одобренија за градба утврдуваат дали планските документи за објектот што се предмет за одобрение за градба ги исполниле посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита одбучава согласно член 23 од ЗЗБЖС, и дали води Катастар на создавачи на бучава согласно член 35 од ЗЗБЖС

-Не спроведуваат ниту една обврска согласно заштита од бучава во животната средина а согласно законот.

**Врз основа на сето горенаведено комисијата за вршењето на надзорот ги увиде следниве недостацои кои е потребно општината да ги отклони и за тоа да го извести министерството, и даде неколку препораки:**

- Се препорачува вработените во одделението за заштита на животната средина кое е потребно да се оформи согласно заклучокот на Влада да работат согласно законските прописи и да ги опфаќаат сите надлежности од областа на животната средина кои ги има општината, а кои произлегуваат пред се од Законот за животна средина, Законот за управување со отпадот, Законот за водите, Законот за заштита од бучавата во животната средина и останатите закони од областа на животната средина, во постапките каде беа константирани големи неправилности во поднос на спроведување на постапката, да се послушаат насоките на комисијата кои беа претставени на самиот надзор, и истите да бидат под итно применети.

-Да се подготви ЛЕАП,

-Да се достави годишен извештај за состојбата на животната средина до Министерството за животна средина и просторно планирање.

-Општината да ја исполни обврската согласно член 154 од ЗЖС, да се донесе надворешен план за вонредни состојби.

-Да се продолжи со постапката за овластен инспектор за животна средина бидејки можностите со имање на инспекциски надзор се зголемуваат за правилно менаџирање со општината како што беше објаснета целата процедура за назначување на овластен инспектор во општината во координација со инспекцискиот совет и добивање на лиценца, после менторската работа.

-Да се определи место за третман и остранување на инертен отпад и да се завршат останатите надлежности кои се на локално ниво.

-Општината да пристапи кон изготвување на консолидиран извештај со податоци доставени од правни и физички лица кои вршат дејности на собирање, транспортирање складирање, третман, преработка, отстранување и промет на отпадот согласно член 39 од ЗОУ.

-Општината да отпочне со водење катастар за својата територија, каде ќе се евидентираат создавачите на неопасен отпад, што подразбира исполнување на обврската од член 116 од ЗУО.

-Потребно е Општината да превземе активности согласно членот 43 став (3), во иднина да им овозможи на граѓаните кои ги опслужува да го селектираат отпадот според видот и нивните карактеристики.

- Потребно е Општината да пристапи кон склучување договор со правно лице кое поседува Дозвола за колективен постапувач за управување со пакување и отпад од пакување.

-ЕЛКОЛЕКТ не поседува Дозвола за колективен постапувач за управување со отпад од батерии и акумулатори, врз основа на наведеното Општината е потребно да пристапи кон склучување на договор со правно лице кое ја поседува именуваната дозвола.

-ЕЛКОЛЕКТ не поседува Дозвола за колективен постапувач за управување со отпад од електрична и електронска опрема, врз основа на наведеното Општината е потребно да пристапи кон склучување на договор со правно лице кое ја поседува именуваната дозвола.

- член 129 е потребно да почне да се применува доколку веке не се применува т.е. овластениот инспектор да врши надзор и контрола во областа управување со отпад, и во обласата на водите.

Во областа на водите комисијата укажува на следниве недостаци кои е потребно да се отстранат:

- Општината преку формираното јавно комунално претпријатие Исар да прибави Дозвола за испуштање отпадни води или за испуштање или фрлање материи и супстанции во реципиентите согласно член 79 од ЗВ.
- По донесување на Одлуката за заштитни зони од страна на Владата на РСМ потребно е општината во катастрите и урбанистичките планови на општината да ги прикажува картографските прикази на заштитните зони согласно член 98 став 4 ЗВ.
- Општината да донесе предлог Програма за одведување, собирање и пречистување на урбаните отпадни води согласно член 114 од ЗВ и да ги исполнува обврските согласно член 113 од ЗВ т.е. да ги собира, одведе и пречистува отпадните води што произлегуваат или се создаваат на нивното подрачје, вклучувачи го и отстранувањето на тињата, како и да ги исполнува обврските согласно член 116 и да обезбеди ефлуентите од индустриските отпадни води коишто влегуваат во системите за собирање и прочистување на урбани отпадни води да бидат подложни на потребниот предтретман.
-Општината потребно е да донесе Програма за заштита од штетно дејство на водите согласно член 124 ЗВ (која треба да содржи изградба на насипи, акумулации, регулација на реки, уредување на порои, заштита на земјиште од ерозија, пошумување и сл.) и да се преземаат мерките за заштита од друго штетно дејство на водите во урбаните подрачја. Потребно е општината да изработи, доставува и објавува извештаи за активностите реализирани во претходната година и предвидените активности за наредната година во врска со заштитата од штетното дејство на водите.
- Оперативниот план за заштита и одбрана од поплави согласно член 126 ЗВ потребно е да се изработи, да се донесе од страна на општината, да се достави и до Министерство за животна средина и просторно планирање и да се спроведува истиот.
-Советот на општината на територијата под нејзина надлежност потребно е да ги определи границите на ерозивното подрачје и подрачјето загрозено од ерозија како и да ги утврди мерките и работите за заштита на земјиштето од ерозија и уредувањето на пороите, врз основа на техничка документација согласно член 135 од ЗВ и да ги презема мерките за заштита на ерозивни подрачја. Општината потребно е да ги исполни и обврските од член 141 од ЗВ и да ги превземе мерките за уредување на пороите што се наоѓаат на нивното подрачје.
- Општината секоја година до крајот на септември да изврши проценка дали водотеците на подрачјето кое е под нивна надлежност се во состојба да предизвикат поплави на земјиштето и дали обезбедуваат непречен проток на водата. Доколку водотеците не обезбедуваат непречен проток се преземат мерки од страна на општината.
- Општината потребно е да донесе Програма за мониторинг на водите согласно член 145 став 7 од ЗВ и редовно да доставува податоци до министерството од мониторинг од локалната мрежа.

-При издавање на одобренија за градба општината е потребно да утврдува дали планските документи за објектот ги исполниле посебните услови и мерки во врска со стандардите за заштита од бучава согласно член 23 од ЗЗБЖС.

- Се препорачува во општината да се овозможи учество на стручни обуки на вработените во општината кои работат во делот на заштитата на животната средина особено во делот на одобрување на елаборати за заштита на животната средина, Б-интрегрирани еколошки дозволи, бидејќи тамо се воочени големи неправилности во водењето на законската постапка кои мора да се отклонат, изготвување планови и програми за управување со отпад се со цел зајакнување на капацитетите за спроведување на законските прописи за заштита на животната средина на локално ниво.

-Во рок од 6 месеци Општина Штип треба да го извести Министерството за животна средина и просторно планирање за превземените активности согласно утврдените недостатоци во однос на имплементацијата на надлежностите.

Скопје, 2021 година

Претседател на Комисија
Тања Кироска Филиќ________________________

Членови од Комисијата присутни на надзорот:
Ирена Николоска, ____________________________
Даниела Наумоска, ________________________
Александар Петковски, ____________________________

Членови на комисијата кои учествуваа во извештајот:
Даниела Ристова,_________________________